СЛУЖБ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕД

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 30 јан

БЕЛГРАД

БРОЈ 4 ГОД. XLIII

цена на овој број е 440 динари. – Аконтација на претплатата за 1987 година изнесува 6.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

1830
Sluzbeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

54.

Врз основа на член 124 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 29 јануари 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ТРУДОТ И СРЕДСТВАТА ПО ОСНОВ НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

1. Се прифаќа Општествениот договор за здружување на трудот и средствата по основ на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година.

2. Се овластува претседателот на Соборот на републиките и покраините, од името на Собранието на СФРЈ, да го потпише овој општествен договор.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 55
29 јануари 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Потпретседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Никола Филиповиќ, с. р.

55.

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/80 и 53/85), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИТЕ ПАТИШТА

I. Во Одлуката за утврдување на магистралните патишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/84), во текстот под II се вршат следните измени и дополненија:

1) точка 1 се менува и гласи:

„1. патот југословенско-австриска државна граница – Коренско седло – Јесенице по новата траса до железничката станица во Јесенице – Крањ од Кидричева улица по обиколницата до „Искра" – Љубљана – Загреб – Поповача – Жупања – Белград – Раља – Баточина – Ниш – Владичин Хан – Скопје – Гевгелија – Богородица – југословенско-грчка државна граница, како и патиштата што се спојуваат со него, и тоа;".

По одредбата под 13) се додава нова одредба под 14), која гласи:

„14) Петровец – Скопје;

2) по точка 1 се додава нова точка 1а, која гласи:

„1а. автопатот Накло – Крањ – Љубљана и Косезе – Вич (обиколница на Љубљана);

3) во точка 3 по одредбата под 2) се додава нова одредба под 3), која гласи:

„3) Словенска Бистрица – Хајдина";

4) точка 4 се менува и гласи:

„4. патот Картелево – Ново Место – Метлика (по обиколница) – Карловац – Босански Нови – Бања Лука – Добој – Тузла – Меѓаш – Каракај (Зворник) – Бања Ковиљача – Лозница – Валево – Лазаревац – Марковац – Рготина, како и патиштата што се спојуваат со него, и тоа:"

5) точка 6 се менува и гласи:

„6) патот Шкофлица (по новоизградената траса) – Пијава – Горица – Кочевје – Брод на Купа – Делнице – Мркопаљ – Бриње – Оточац – Госпиќ – Грачац – Сучевиќи – Зрмања – Паѓане – Книн – Сињ – Триљ – Циста – Прово – Имотски – Груде – Чаплина – Столац – Љубиње – Требиње – Никшиќ, како и патот што се спојува со него;

6) Во точка 10 одредбата под 2) се менува и гласи:

„2) Горња Радгона (Панонска улица – Керенчичева) – југословенско-австриска граница;"

По одредбата под 6) се додаваат одредбите под 7), 8), 9) и 10), кои гласат:

„7) автопатот југословенско-италијанска државна граница – Вртојба;

8) Драводград-Титово Велење-Арја Вас – патот 10 – Целје-Шентјур-Шмарје-Рогашка Слатина-Ѓурманец (патот 11);

9) Црнуче (Љубљана) – Литија – Загорје – Сидани Мост;

10) југословенско-италијанска граница – Робич-Кобарид-Толмин-Идрија-Калце";

7) по точка 10. се додава нова точка 10а, која гласи:

„10а. Патот Марибор-Целје, Црнуче-Томачево-Косезе (А-26 обиколница Љубљана) и автопатот Љубљана-Постојна-Раздрто

8) во точка 16. по одредбата под 3) се додава нова одредба под 4), која гласи:

„4) Бугојно-Пуцарево-Невиќ Поле (до магистралниот пат 5);".

9) Во точка 17 одредбата под 1) се менува и гласи:

„1) Билје – Бездан – Сомбор – Суботица – Келебија – 1 – југословенско-унгарска државна граница;"

10) точка 19, се менува и гласи:

„19. патот Белград-Обреновац-Шабац-Лозница-Бања Ковиљача-Шепак – Козлук – Каракај – Зворник – Власеница – Хан Пиесак – Подроманија (Соколац) – Љубогошта (Сараево), како и патиштата што се спојуваат со него, и тоа:"

11) точката 22. се менува и гласи:

„22. патот југословенско-унгарска државна граница – Суботица – Фекетиќ – Нови Сад – Белград – Горњи Милановац – Кралево – Нови Пазар – Рибариќи, како и патиштата што се спојуваат со него, и тоа:"

Одредбата под 1) се менува и гласи:

„1) југословенско-унгарска државна граница – Хоргош – Суботица – Бачка Топола – Србобран – Нови Сад – Инѓија – Стара Пазова – Батајница – Белград;"

По одредбата под 2) се додава нова одредба под 3), која гласи:

„3) Рашка - Титова Митровица;"

12) во точка 24. во одредбата под 1) зборот: „Зрењанин", се брише.

13) во точка 25 по одредбата под 2) се додава нова одредба под 3) која гласи:

„3) Штимле - Урошевац - Гњилане - Бујановац;"

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п.п. бр. 6
15 јануари 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

56.

Врз основа на член 11 од Законот за средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85) и член 31 став 2 точка 2 од Статутот на Фондот на федерацијата за кредитирања на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/86), Собрнаето на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, на 4. седница од 14 јануари 1987 година, донесува

ОДЛУКА

ЗА ГОДИШНАТА И МЕСЕЧНАТА АКОНТАЦИЈА НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА 1987 ГОДИНА

1. Височината на годишната аконтација на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот равзој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за 1987 година (во натамошниот текст: Фондот) се утврдуваат во износ, и тоа:

- во милиони динари -

Републики и автономни покраини	ВКУПНО	Од тоа: Со здружување на труд и средства	Задолжителен заем
СР Босна и Херцеговина	55.032,1	30.372,2	24.659,9
СР Црна Гора	8.908,0	4.916,3	3.991,7
СР Хрватска	106.080,0	58.545,6	47.534,4
СР Македонија	22.175,4	12.238,6	9.936,8
СР Словенија	75.564,8	41.704,3	33.860,5
СР Србија	140.708,0	77.656,7	63.051,3
СР Србија надвор од територните на САП	91.073,1	50.263,2	40.809,9
САП Косово	9.074,9	5.008,4	4.066,5
САП Војводина	40.560,0	22.385,1	18.174,9
ВКУПНО:	408.468,3	225.433,7	183.034,6

2. Месечните аконтации на средствата на Фондот од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат во следните износи:

- во милиони динари -

Републики и автономни покраини	ВКУПНО	Од тоа: Со здружување на труд и средства	Задолжителен заем
СР Босна и Херцеговина	4.586,0	2.531,0	2.055,0
СР Црна Гора	742,3	409,7	332,6
СР Хрватска	8.840,0	4.878,8	3.961,2
СР Македонија	1.848,0	1.019,9	828,1
СР Словенија	6.297,1	3.475,4	2.821,7
СР Србија	11.725,6	6.471,3	5.254,3
СР Србија надвор од територните на САП	7.589,4	4.188,6	3.400,8
САП Косово	756,2	417,3	338,9
САП Војводина	3.380,0	1.865,4	1.514,6
ВКУПНО:	34.039,0	18.786,1	15.252,9

3. Оваа одлука ќе се применува од 1 јануари до 31 март 1987 година.

4. Оваа одлука влегува во исла со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

02 Број: 4/3-87
14 јануари 1987 година
Белград,

Собрание на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини

Претседател,
Ѓорѓе Јанковиќ с.р.

57.

Врз основа на член 5 од Законот за средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85) и член 31 став 2 точка 1 од Статутот на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/86), Собранието на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, на 4. седница од 14 јануари 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗНОС НА ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА 1985 ГОДИНА

1. Постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст: средствата на Фондот) за 1985 година се утврдуваат во следните износи:

Републики и автономни покраини	Во милиони динари
СР Босна и Херцеговина	25.233,4
СР Црна Гора	4.064,2
СР Хрватска	48.814,8
СР Македонија	10.618,3
СР Словенија	32.843,3
СР Србија надвор од територните на САП	42.957,1
САП Косово	4.189,6
САП Војводина	19.062,7
ВКУПНО:	187.783,4

2. Републиките и автономните покраини се должни разликата меѓу износите на средствата на Фондот утврдени со оваа одлука и износите уплатени на име аконтација на средствата на Фондот за 1985 година да ја уплатат во корист на средствата на Фондот во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

02 Број: 4/4-87
14 јануари 1987 година
Белград

Собрание на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини

Претседател,
Ѓорѓе Јанковиќ, с. р.

58.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА БАНКИТЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделни конта во контниот план за банките („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/77, 43/78, 11/85 и 4/86) во член 104б став 1 по зборовите: „од претходната година" се става запирка, зборот: „и" се брише, а по зборовите: „наредната година" се додаваат зборовите: „и нераспоредените приходи за пренос во наредната година за покритие на курсните разлики по определени странски кредити".

По став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Контото 294 – Нераспореденото приход за пренос во наредната година за покритие на курсните разлики по определени странски кредити, на крајот на годината, се одобрува за износот на вишокот на приходите меѓу збирот на контата на групата конта 60 и групата конта 65, со сторнирање со црвено сторно за истиот износ на приходите на контата на групата 65, а на почетокот на годината ова конто се затвора со неговото задолжување при истовремено одобрение на контото 650 – Пренесени нераспоредени средства од претходната година."

Досегашниот став 5 станува став 6.

Член 2

Во член 104г став 1 зборовите: „по странските кредити конвертирани во динари и курсните разлики што настануваат" се заменуваат со зборовите: „со определени странски кредити и курсни разлики".

Во став 2 зборовите: „Непокриени расходи од претходната година" се заменуваат со зборовите: „Непокриени расходи од претходната година по основ на курсните разлики кај Народната банка на Југославија".

Во став 3 зборовите: „Пренесен вишок на приходи од претходната година" се заменуваат со зборовите: „Пренесен вишок на приходи од претходната година за покритие на курсните разлики кај Народната банка на Југославија".

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-13520/1
24 декември 1986 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

59.

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ ПОЗИЦИИ ВО ОБРАСЦИТЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА, ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА И ЗА ПОДАТОЦИТЕ И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ШТО СЕ ДОСТАВУВААТ КОН ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделните позиции во обрасците на периодичната пресметка и завршната сметка, за начинот на доставување на периодичната пресметка и на завршната сметка и за податоците и документацијата што се доставуваат кон периодичната пресметка и завршната сметка за организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/85 и 46/86) во член 13а бројот: „4" се заменува со бројот: „6", а бројот: „14/86" – со бројот: „56/86".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-108/1-87
8 јануари 1987 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

60.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА МЕРИЛА НА МАСА–ВАГИ СО НЕАВТОМАТСКО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ОД КЛАСА НА ТОЧНОСТ (I), (II), (III) И (IIII)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат мерилата на маса – вагите со неавтоматско функционирање со класа на точност (I), (II), (III) и (IIII) (во натамошниот текст: ваги).

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS.M–(1;2;3;4)/1.

Член 2

Под ваги, во смисла на овој правилник, се подразбираат мерилата што служат за определување на маса под влијание на силата на гравитација (земјината тежа) врз масата и што бараат дејствие на послужувач во текот на мерењето.

Член 3

Вагите можат да бидат:

1) ваги со показен уред, со поделба или без поделба, и тоа:

а) ваги со показен уред со поделба – резултатот од мерењето се отчитува од показниот уред аналогно или дигитално;

б) ваги со показен уред без поделба – резултат од мерењето е количината на масата на теговите со кои е извршено урамнотежување;

2) ваги со автоматска, полуавтоматска или неавтоматска положба на рамнотежата, и тоа:

а) ваги со автоматска положба на рамнотежата – положба на рамнотежа се постига без дејствие на послужувачот;

б) ваги со полуавтоматска положба на рамнотежата – во еден дел на опсегот на мерењето послужувачот го доведува покажувачот на рамнотежната положба во положба за отчитување, а во другиот дел положбата на рамнотежа се постига без дејствие на послужувачот;

в) ваги со неавтоматска положба на рамнотежата – послужувачот го доведува покажувачот на рамнотежната положба во положба за отчитување.

Член 4

Поделба на вагите во класи на точност (I), (II) (III) и (IIII) се врши со оглед на вредноста на испитаниот поделок (е) и на бројот на поделоците (n) дадени во следната табела:

Класа на точност	Вредност на испитниот поделок (е)	Број на испитните поделоци (n)		Min. мерење
		најмал	најголем	
(I)	0,001 g ⩽ e	50 000	–	100 e
(II)	0,001 g ⩽ e ⩽ 0,05	100	100.000	20 e
	0,1 g ⩽ e	5. 000	100.000	50 e
(III)	0,1 g ⩽ e ⩽ 2 g	100	10.000	20 e
	5 g ⩽ e	500	10.000	20 e
(IIII)	5 g ⩽ e	100	1.000	10 e

Забелешка: поделбата не се донесува на вагите со испитен поделок помал од 1 mg

Член 5

Долунаведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) должина на поделокот е растојанието помеѓу две последовни црти на поделбата;

2) вредност на поделокот d (во натамошниот текст: поделокот) е вредноста изразена во единица маса и претставува најмала поделба на аналогната скала односно разликата на две последовни дигитални покажувања;

3) вредност на испитниот поделок е (во натамошниот текст: испитниот поделок) е поделокот што се користи за класификација на вагите во класи на точност, така што количникот на Max. мерење и на испитниот поделок го дава бројот на испитните поделоци (n);

4) опсег на мерење на вагата е подрачјето на мерење ограничено со најмалата маса (во натамошниот текст: Min мерење и со најголемата маса (во натамошниот текст) Max.мерење) која може да се мери на вагата, а грешките на мерењето да се во границите на допуштените грешки пропишани со овој правилник;

5) нулева положба е подрачјето во кое покажувачот мора да се наоѓа пред почетокот на мерењето, кога приемникот на масата е неоптоварен;

6) точност на вагата е сложување помеѓу покажувањето на вагата и точната вредност на мерената маса;

7) повторливост на мерењето е сложување на резултатите од мерењето при повторени мерења на иста маса во непроменети услови;

8) осетливост на вагата е количникот на промената на покажувањето на вагата и масата на додатокот со кој е предизвикана таа промена;

9) грешка поради заокружување кај дигитално покажување е разликата помеѓу вредноста што ја покажува дигиталното покажување и вредноста што би се добила ако покажувањето е аналогно, и таа може да изнесува најмногу 0,5 од поделокот.

10) грешка при промена на положбата на оптоварувањето на приемникот на оптоварување е најголемата разлика меѓу резултатите добиени со промена на положбата на исто оптоварување на приемникот на оптоварување. Оптоварувањето изнесува од 1/10 до 1/3 Max мерење и зависи од бројот на потпирките на приемникот на оптоварување. Кога е во прашање тркалаво оптоварување (товарно возило, железнички вагон и друго), тоа може да изнесува од 0,4 до 0,8 Max мерење;

11) грешка при враќањето на нула е разликата помеѓу претходното покажување на неоптоварена вага и покажувањето на неоптоварена вага по отстранување на оптоварувањето од 90% до 100% Max мерење кое на приемникот на масата стоело 0,5 h;

12) грешка при траење на оптоварување на приемникот на маса од 90% до 100% Max мерење и покажувањето во наредните четири часа од траењето на тоа оптоварување;

13) граници на дозволените грешки се дозволените вредности на отстапување на мерната особина на вагата пропишани со овој правилник;

14) носивост на вагата е најголемото оптоварување што вагата може да го издржи, а да не дојде до трајно оштетување;

15) мерење во директна пресметка е мерењето во присуство на купувачот и продавачот;

16) ваги со повеќе поделби се вагите кај кои опсегот на мерење е поделен на парцијални опсези на мерење, што имаат различни вредности на испитниот поделок и мораат да бидат такви што бројот на испитните поделоци на секој парцијален опсег ($ni = \frac{Max_i}{e_i}$) мора да го исполни условот пропишан со член 4 на овој правилник за таа класа на точност. Min мерење на вага со повеќе поделби мора да биде еднакво со Min мерење на првиот парцијален опсег на мерење, а секое следно Min мерење мора да биде еднакво со Max мерење од претходниот парцијален опсег на мерење;

17) ваги за споредување се вагите со полуавтоматска положба на рамнотежата на кои скалата се наоѓа и од едната и од другата страна на нулата и се разликува по ознаките „плус" и „минус". Скалата на вагата за споредување мора да има најмалку по еден поделок и од едната и од другата страна на нулата.

II. МЕТРОЛОШКИ СВОЈСТВА

Член 6

Границите на дозволените грешки (во натамошниот текст: GDG), во смисла на овој правилник се GDG при испитувањето на типот, прегледот и во употреба.

Член 7

GDG при испитување на типот и прегледот се:

1) GDG на нулевата положба;

2) GDG на повторливоста;

3) GDG на точноста;

4) GDG при промена на положбата на оптоварувањето;

5) GDG при враќањето на нула;

6) GDG во траењето на оптоварувањето;

7) GDG при промена на температурата за неоптоварена вага.

Член 8

GDG на нулевата положба изнесува ± 0,25 од испитниот поделок за неоптоварена вага, кај која покажувачот мора претходно да биде доведен во нулева положба односно мора да биде автоматски извршена корекција на отстапувањето од нулевата положба.

GDG на нулевата положба од став 1 на овој член не се однесува на вагите кај кои цифрата на последното место јасно се разликува од другите цифри односно на вагите со помошен покажувачки уред од член 42 на овој правилник, кај кои GDG на нулевата положба изнесува ± 0,5 од поделокот.

Член 9

GDG на повторливоста е еднаква со апсолутната вредност на GDG за точност при дадено оптоварување.

GDG на повторливоста од став 1 на овој член не се однесува на вагите со помошен покажувачки уред, кај кои GDG на повторливоста изнесува 1/3 од апсолутната вредност на GDG за точност при дадено оптоварување.

Член 10

GDG за ваги со класа на точност (I) за точност изнесуваат:

1) ± 0,5 на испитниот поделок за оптоварувања од Min мерење до 50.000 поделоци, вклучувајќи го и 50.000-иот поделок;

2) ± 1 испитен поделок за оптоварувања над 50.000 поделоци до 200.000 поделоци, вклучувајќи го и 200.000-иот поделок;

3) ± 1,5 на испитниот поделок за оптоварување над 200.000 поделоци.

Член 11

GDG за ваги со класа на точност (II) за точност изнесуваат:

1) ± 0,5 на испитниот поделок за оптоварувања од Min мерење до 5.000 поделоци вклучувајќи го и 5.000-иот поделок;

2) ± 1 испитен поделок за оптоварување над 5.000 поделоци до 20.000 поделоци, вклучувајќи го и 20.000-иот поделок;

3) ± 1,5 на испитниот поделок за оптоварувања над 20.000 поделоци.

Член 12

GDG за ваги со класа на точност (III) за точност, изнесуваат:

1) ± 0,5 на испитниот поделок за оптоварувања од Min мерење до 500 поделоци вклучувајќи го и 500-иот поделок;

2) ± 1 испитен поделок за оптоварувања над 500 поделоци до 2.000 поделоци вклучувајќи го и 2.000-иот поделок;

3) ± 1,5 на испитниот поделок за оптоваруања над 2.000 поделоци.

Член 13

GDG за ваги со класа на точност (IIII) за точност, изнесуваат:

1) ± 0,5 на испитниот поделок за оптоварувања од Min мерење од 50 поделоци вклучувајќи го и 50-иот поделок;

2) ±1 испитен поделок за оптоварувања над 50 поделоци до 200 поделоци, вклучувајќи го и 200-иот поделок;

3) ± 1,5 на испитниот поделок за оптоварувања над 200 поделоци.

Член 14

GDG пропишани во чл. 10 до 13 на овој правилник се GDG при зголемување и намалување на оптоварувањето, без оглед на вредноста на тарата.

Апсолутната вредност на GDG од став 1 на овој член, за вагите со дигитално покажување, може да биде зголемена за 0,2 од поделокот.

Резултатите од мерењето за вагите со дигитално покажување мораат да бидат корегирани за грешката поради заокружување.

Член 15

GDG за точност на мерните направи на вагите изнесуваат:

1) ± 0,2 на испитниот поделок за вагите со неавтоматска положба на рамнотежата;

2) ± 0,3 на испитниот поделок на вагите со полуавтоматска и автоматска положба на рамнотежата како и за електромеханичките ваги.

Член 16

GDG при посебно испитување на еден или повеќе од главните склопови на вагите изнесуваат 0,7 од GDG пропишани во чл. 10 до 13 на овој правилник.

Член 17

GDG за тара уред со показен уред мораат да ги имаат GDG пропишани во чл. 10 до 13 на овој правилник.

Член 18

Осетливоста на вагата мора да биде таква што со ставање или отстранување на додаток чија што маса е еднаква со поделокот предизвикува траен отклон на покажувачот кај вагите:

1) со класи на точност (I) и (II) со неавтоматска положба на рамнотежата - најмалку 1 mm;

2) со класи на точност (III) и (IIII) со неавтоматска положба на рамнотежата на Max мерење до 30 kg - најмалку 2 mm;

3) со класи на точност (III) и (IIII) со неавтоматска положба на рамнотежата на Max мерење над 30 kg - најмалку 5 mm;

4) од сите класи на точност на вагите со автоматска или полуавтоматска положба на рамнотежата со аналогно покажување најмалку 0,7 од поделокот, а кај електромеханичките ваги со дигитално покажување со одземање или со ставање на додаток чија што маса е од 1 до 1,4 од поделокот, мора да предизвика промена на претходното покажување за еден поделок.

Член 19

Ако вагата има повеќе показни уреди, разликата на нивните меѓусебни покажувања не смее да биде поголема од апсолутната вредност на GDG пропишани во чл. 10 до 13 од овој правилник.

Член 20

GDG при промена на положбата на оптоварувањето е еднаква на апсолутната вредност на GDG пропишани во чл. 10 до 13 од овој правилник.

Член 21

GDG при враќањето на нула, а по отстранување на оптоварувањето што се наоѓало на вагата половина час, изнесува 0,5 од поделокот.

Член 22

GDG во траење на оптоварувањето од 4 часа за ваги со класа на точност (II), (III) и (IIII) е еднаква на апсолутната вредност на GDG пропишани во чл. 11, 12 и 13 на овој правилник.

Член 23

Ако вагата има повеќе приемници на оптоварување, разликата во покажувањето при наизменични оптоварувања на приемниците на оптоварување со исто оптоварување не смее да биде поголема од апсолутната вредност на GDG пропишани во чл. 10 до 13 од овој правилник.

Член 24

Вагата мора да ги исполнува условите пропишани со овој правилник при следните услови:

1) при промена на температурата, и тоа:

а) од - 10°C до + 40°C, со тоа што промената на температурата не смее да биде поголема од 5°C на час;

б) ако температурното подрачје отстапува од - 10°C до + 40°C мора да биде назначено на вагата и не смее да биде помало од 5°C за ваги со класа на точност (I), 15°C за ваги со класа на точност (II), и 30°C за ваги со класа на точност (III) и (IIII);

в) влијанието на температурата врз неоптоварена вага не смее да биде поголемо од еден поделок при промена на темепратурата за 1°C за ваги со класа на точност и 5°C за ваги од други класи на точност;

2) при промена на напонот на изворот на електрична енергија од - 15% до +10% на номиналната вредност;

3) при промена на фреквенцијата ± 2% од номиналната вредност.

Член 25

GDG во употреба можат да имаат најмногу двојна вредност од вредноста GDG пропишани во чл. 10, 11, 12 и 13 на овој правилник.

Член 26

Вредноста на Min мерење не смее да биде помала од вредностите дадени во табелата од член 4 на овој правилник.

Ако вредностите на Min мерења пропишани со став 1 на овој член се поголеми од 1.000 kg тогаш вредноста на Min мерење може да изнесува 1.000 kg.

Min мерење за вагите за пресметка по тарифа изнесува 10 испитни поделоци.

III. СВОЈСТВА НА КОНСТРУКЦИЈАТА

Член 27

Вагите мораат да ги имаат следните склопови:

1) приемник на масата (оптоварувањето);
2) уред за пренос на силата;
3) мерна направа, која е составена од:
а) уред за урамнотежување;
б) показен уред;
в) уред за доведување на покажувачот во нулева положба;
г) уред за контрола на исправноста на работата кај електромеханичките ваги.

Покрај склоповите од став 1 на овој член, вагите можат да имаат:

1) уред за нивелација;
2) уред за тара;
3) уред за приспособување на осетливоста;
4) уред за кочење (анетација);
5) приемник на тегови;
6) придушувач на осцилации;
7) уред за избор на приемник на масата;
8) печатач;
9) помошен показен уред;
10) уред за испитување.

Член 28

Приемник на масата е дел од вагата кој служи за поставување на масата што се мери.

Член 29

Уредот за пренос на силата е дел од вагата, кој ја пренесува силата од приемникот на масата до уредот за мерење.

Уредот за пренос на силата кој работи врз принципот на лост мора на лостот да има вградени ножеви или ленти.

Сечилата на ножевите кај секој лост мораат да лежат во една рамнина и мораат да бидат меѓусебно паралелни. Лежиштето со својата подвижност мора да овозможи налегнување по должината на целото сечило на ножот.

Ножевите и лежиштата мораат да имаат цврстина од најмалку 58 HRc (Rockwell) во допирните точки и во нивната непосредна близина.

Член 30

Мерната направа е дел од вагата, што служи за мерење на маса со посредство на уредот за урамнотежување и на показниот уред или на печатачот.

Член 31

Приемникот на тегови е дел од вагата што служи за поставување на теговите, со кои покажувачот се доведува во рамнотежна положба, кога на приемникот на маса се наоѓа маса што се мери.

Член 32

Уредот за урамнотежување е дел од вагата што служи за урамнотежување на силата што ја предизвикува оптоварувањето. Силата може да биде и редуцирана.

Член 33

Показниот уред е дел од вагата кој служи за покажување на резултатот на мерењето и на рамнотежата.

Уредот од став 1 на овој член може да биде со поделба и без поделба.

Ако показниот уред има поделба, покажувањето на резултатот на мерењето може да биде аналогно или дигитално.

Ако показниот уред нема поделба, тој само ја покажува положбата на рамнотежата, без резултатот на мерењето.

Вагите со повеќе поделби не смеат да ги имаат помошните показни уреди од член 42 на овој правилник.

Член 34

Показниот уред со поделба мора да има вредност на поделокот изразена во форма $1 \cdot 10^n$, $2 \cdot 10^n$ или $5 \cdot 10^n$, каде што n е цел број – позитивен, негативен или еднаков на нула.

Условот од став 1 на овој член не се однесува на испитниот поделок (е) кај вагите без поделба.

Член 35

Показниот уред со аналогна поделба мора да има, зависно од вредноста на поделоците, поделба на скалата нанесена во една од следните форми:



1×10^n



2×10^n

5×10^n

Член 36

Должината на поделокот мора да изнесува:

1) најмалку 2 mm за ваги со неавтоматска положба на рамнотежата;

2) најмалку 1 mm за ваги со автоматска и полуавтоматска положба на рамнотежата, ако отчитување на резултатот на мерењето се врши од оддалеченост помала од 0,5 m.

Должината на поделокот од став 1 на овој член мора да изнесува најмалку (L + 0,5) mm, каде што L бројно е еднакво на оддалеченоста на читањето изразена во метри, ако отчитување на резултатот се врши од оддалеченост поголема од 0,5 m.

Член 37

Цртите на поделбата мораат да имаат иста широчина и мораат да се наоѓаат помеѓу 1/10 и 3/10 од должината на поделокот, но не смеат да бидат помали од 0,2 mm.

Должината на најкратките црти на поделбата не смее да биде помала од најмалата должина на поделокот.

Член 38

Најмногу секоја 25-та црта на поделбата мора да биде обележена со број. Броевите мораат да ја означуваат вредноста на поделокот во форма $1 \cdot 10^k$, $2 \cdot 10^k$ или $5 \cdot 10^k$, каде што к е цел број – позитивен, негативен или еднаков на нула.

Член 39

Височината на броевите изразена во mm мора да биде поголема или еднаква на тројната оддалечност на читањето изразена во метри и не смее да биде помала од:

1) 2 mm на вагите со покажувачи со аналогно покажување;

2) 5 mm на вагите со покажувачи со дигитално покажување.

Член 40

На показниот уред со аналогно покажување со скала и стрелка, стрелката мора да има широчина иста како и цртите на скалата, во делот што ги покрива цртите на скалата. Врвот на стрелката мора да се наоѓа помеѓу 1/4 и 3/4 од должината на најкратките црти.

Оддалеченоста помеѓу скалата и стрелката може да биде еднаква најмногу на должината на поделокот, но не поголема од 3 mm.

Член 41

Движењето на стрелката мора да се ограничи под опсегот на скалата за најмалку 4 поделоци и најмногу девет поделоци над опсегот на скалата.

Кај дигиталното покажување мора на виден начин да се покаже пречекорувањето под – 1 d, како и пречекорувањето за најмногу девет поделоци над Max мерење.

Член 42

Вагите со класа на точност (I) и (II) можат да имаат показен уред со:

а) тег со мала маса (јавач) со специјална форма кој може да се лизга по лостот со поделба;

б) уред за интерполација на отчитувањето што врши потподелба на скалата;

в) уред за овозможување на потточна процена на вредноста на делот од поделокот;

г) уред со дигитално покажување чијашто цифра на последното место јасно се разликува од другите цифри.

Вагите што ги имаат уредите од став 1 на овој член не смеат да се употребуваат за мерење во директна пресметка.

Испитниот поделок (е) на вагите со класа на точност (I) и (II), со вграден помошен показен уред изнесува:

1) е = 2d кога d е изразено во форма $5 \cdot 10^k$;

2) е = 5d кога d е изразено во форма $2 \cdot 10^k$;

3) е = 10d кога d е изразено во форма $1 \cdot 10^k$.

Испитниот поделок (е) е еднаков на поделокот (d) на вагите со показен уред со поделба без помошен показен уред.

На вагите со класа на точност (III) и (IIIII) може да постои уред за делење на поделокот што може привремено да се активира со притискање врз тастерот.

Член 43

Уредот за доведување на покажувачот во нулева положба односно уредот за корекција на отстапувањето од нулева положба е дел од вагата што служи за доведување на покажувачот во нулева положба или за одржување на покажувачот во нулева положба кога на приемникот на масата не се наоѓа оптоварување.

Уредот од став 1 на овој член може да биде:

1) неавтоматски уред за доведување на покажувачот во нулева положба - доведување на покажувачот во нулева положба врши послужувачот;

2) полуавтоматски уред за доведување на покажувачот во нулева положба - доведување на покажувачот во нулева положба се врши автоматски со дејствие на послужувачот;

3) автоматски уред за доведување на покажувачот во нулева положба - доведување на покажувачот во нулева положба се врши автоматски без дејствие на послужувачот;

4) автоматски уред за корекција на отстапувањето од нулева положба - автоматски го коригира резултатот на секое мерење кај кое имало отстапување од нулевата положба.

Член 44

Уредот од став 1 на член 43 од овој правилник мора да биде конструиран така што да не смее да работи:

1) кога уредот за тара не е на нула;

2) кога покажувачот не се наоѓа во положба на стабилна рамнотежа.

Член 45

Кај вагите со класа на точност (III) и (IIIII) што се користат во пресметка, уредот за доведување на покажувачот во нулева положба мора да биде конструиран така што со него да може да се врши поместување на нулевата положба најмногу до 4% од Мах мерење.

Член 46

Уредот за брза контрола на исправноста на работата кај електромеханичките ваги може да биде со полуавтоматско и автоматско дејствување, и тоа:

1) аналоген тест за ваги со Мах мерење над 30 kg во вид на контролен број или на друг соодветен начин;

2) дигитален тест на електронскиот дел со покажувачи и сигнализација, ако грешката која може да настане сама по себе не е јасна и забележлива.

Контролниот број од став 1 точка 1 на овој член, мора да одговара на оптоварувањето од 80% до 95% на Мах мерење и може да отстапува најмногу два поделока од назначената вредност.

Член 47

Уредот за нивелација и дел од вагата кој се состои од покажувач на нивелацијата (либела, висулец) и уред за доведување на вагата во положба за мерење.

Осетливоста на покажувачот на нивелацијата на вагите со класа на точност (III) и (IIIII) мора да биде таква што при поместување на показниот орган на покажувачот на нивелација за 2 mm показниот уред на неоптоварена вага не смее да покаже отстапување поголемо од два поделока, ако покажувањето на покажувачот претходно е доведено во нулева положба.

Висечки ваги, цврсто поставени ваги и ваги кај кои промената на нивелацијата до 5%, во кој и да е правец, не влијае врз промената на метролошките особини пропишани со овој правилник, не мораат да го имаат уредот од став 1 на овој член.

Во која и да е положба при попречно или надолжно наклонување за 1 mm за вагите со класа на точност (II) и 2 mm за вагите со класа на точност (III) и (IIIII) според покажувањето на покажувачот на нивелацијата ако покажувањето на неоптоварена вага било доведено во подрачјето на нулата, разликата во покажувањето или во печатењето во првобитна положба и во наклонета положба не смее да ја надмине апсолутната вредност на дозволената грешка за тоа оптоварување.

Покажувачот на нивелација мора да биде нераздвоиво утврден на видно место на вагата.

Член 48

Уредот за тара е дел од вагата кој може да биде со поделба или без поделба. Овој уред мора да овозможи доведување на покажувачот во нулева положба кога на приемникот на масата се наоѓа оптоварување.

Член 49

Поделокот на уредот за тара мора да биде еднаков на поделокот на показниот уред.

Член 50

Уредот за тара мора да биде таков што да не може да се користи под своето нулево покажување или над својата најголема означена вредност.

Најголемата вредност на мерење на уредот за тара мора да биде еднаква или помала од Мах мерење.

Член 51

На вагите со Мах мерења до 30 kg што се користат во директна пресметка а имаат приемници за маса и тегови не смее да се вградува уред за тара.

Член 52

Уредот за тара може да биде:

1) неавтоматски - мерење на вредноста на тарата врши послужувачот;

2) полуавтоматски - мерење на вреднсота на тарата се врши автоматски со дејствие на послужувачот;

3) автоматски - мерење на вредноста на тарата се врши автоматски без дејствие на послужувачот.

Член 53

Пуштањето во работа на уредот за тара мора да биде сигнализирано со покажување на вредноста за тара или со истакнување забелешка на видливо место на вагата.

Ако со употреба на уредот за одземање на тарата не се овозможува запознавање на вредноста на остатокот од опсегот на мерењето, уредот мора да го спречи мерењето над Мах мерење или да покаже дека таа вредност е достигната.

Член 54

Полуавтоматските и автоматските уреди за тара мораат да бидат такви така што тара да може да се заземе само во положбата на стабилна рамнотежа.

Член 55

Уредот за тара мора да овозможи поништување на тарата со точност која е поголема или еднаква на 0,25 од испитниот поделок.

Член 56

Кај вагите во директна пресметка со Мах мерења до 30 kg, полуавтоматскиот уред за тара:

1) не смее да овозможи промена на тарата додека мерењето е во тек;

2) мора да овозможи поништување на дејството на тарата само кога приемникот на масата е неоптоварен;

3) мора да ја покажува вредноста на тарата на двете страни во текот на целото мерење или вредноста на тарата да ја искаже со знакот „минус" или со трепкање, кога приемникот на масата е неоптоварен.

Вагите во директна пресметка не смеат да имаат автоматски уред за тара.

Член 57

Уредот за дотерување на осетливоста е дел од вагата со помош на кој може да се менува осетливоста на вагата.

Член 58

Уредот за кочење е дел од вагата кој кочи дел од механизмот или целиот механизам на вагата.

Уредот од став 1 на овој член мора да има само две положби: „закочено" и „откочено" што јасно се разликуваат (на пр. црвено-зелено). На вагите со класа на точност (I) и (II) може да постои уред за предмерење.
Вага со уред за предмерење не смее да се употребува во директна пресметка.

Член 59

Приемникот на тегови е дел од вагата кој служи за поставување на тегови со кои покажувачот се доведува во рамнотежна положба, кога на приемникот на маса се наоѓа маса која се мери.

Член 60

Придушувачот на осцилации е дел од вагата кој го доведува покажувачот на вагата во стабилна положба на покажување, која одговара на средната вредност на осцилирање.

Ако вагата го има уредот од став 1 на овој член покажувачот мора да заземе став на мирување по три до пет полупериода на покажување на покажувачот под услов оптоварувањето да мирува.

Маслените придушувачи мораат да имаат уред за регулирање на придушувањето на осцилациите, ако се осетливи на промена на температурата.

Член 61

Уредот за избор на приемник на маса е дел од вагата што поврзува еден или повеќе приемници на маса со мерната направа.

Член 62

Печатач е дел од вагата кој ги печати резултатите од мерењето.

Печатачот мора да го печати и називот или ознаката на мерната единица за маса.

Печатењето на резултатите од мерењето мора да биде во границите од најмалку Min мерење до најмногу девет поделоци над Max мерење.

Ако вагата има сметач, печатачот мора да ги печати и податоците користени за пресметка и резултатот со соодветни единици, ако тие не се веќе порано отпечатени.

Резултатите од мерењето и сметањето не смеат да се печатат додека покажувачот осцилира.

Член 63

Вагите со Max мерење до 30 kg, со класа на точност (III), ако се употребуваат во директна пресметка, мораат да имаат исти показни уреди на страната свртена кон купувачот и на страната свртена кон продавачот.

Условот од став 1 на овој член не е задолжителен за вагите што се користат во директна пресметка по тарифата и кај кои отчитувањето од страна на купувачот и продавачот може да се врши истовремено на ист покажувач.

Кај вагите од став 1 на овој член, печатењето на резултатите на мерењето и пресметувањето под Min мерење не смее да биде можно без посебни дејствија на послужувачот.

Член 64

Уредот за послужување е дел од вагата кој служи за испитување на точноста на вагата. Преносниот однос кај овој уред не смее да биде поголем од 1:5 000 и мора да биде видливо означен.

Член 65

На вагите со специјален приемник на маса (резервоар, бункер и сл.) мораат да бидат предвидени места за ставање на тегови.

Член 66

На вагата мораат да бидат предвидени места за ставање на жиг односно за ставање на налепница.

Местата мораат да се одберат така што да:

1) овозможат лесно ставање на жиг и ставањето на жиг да не влијае врз метролошките особини;

2) оневозможат дејствија со кои може да се влијае врз точноста на мерењето;

3) жигот да биде лесно видлив, без поместување на вагата додека е вклучена.

IV. НАТПИСИ И ОЗНАКИ

Член 67

Натписите и ознаките мораат да бидат испишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Натписите и ознаките мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и испишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 68

Натписите и ознаките мораат да бидат на видно место на вагата или на натписната плочка и мораат да ги содржат следните податоци:

1) фирма, односно назив или знак на производителот;

2) тип на вагата;

3) сериски или фабрички број со годината на производство;

4) опсег на мерењето од _____ до _____ или Min... Max...(за секој опсег на мерење);

5) испитен поделок (e = _____) или поделок (d = _____) за секој опсег на мерење;

6) класа на точност;

7) службена ознака на типот на вагата ако е извршено испитување на типот;

8) температурен опсег ако е поинаков од -10°C до + 40°C;

9) номинален напон и номинална фреквенција на изворот на напојувањето.

На вагите за броење мора да биде запишан преносниот однос (на пример: 1:100 и 1:10 или 1:99 и 1:9), а на децималните ваги преносниот однос 1:10.

Член 69

Натписите, опсегот на мерење (Min_____Max_____) и поделокот (d) мораат да бидат испишани во непосредна близина на показниот уред на вагите што се користат во пресметката.

Во непосредна близина на покажувачот на масата, на основната цена и на износот, како и кај печатењето на тие вредности на вагите со класа на точност (III) мораат да се наоѓаат ознаките на соодветни единици, а на електромеханичките ваги со Max мерење над 30 kg со дигитално покажување - и вредност на контролниот број.

Член 70

Фабричкиот или сериски број на вагата, со годината на производството мора да биде означен на одвоивите склопови и посебните показни уреди.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 71

Вагите за кои не е задолжително испитување на типот мораат да ги исполнуваат GDG пропишани во чл. 8, 9,

10, 11, 12, 13 и 14 од овој правилник, ако на нив е означена класата на точност.

Вагите за кои не е задолжително испитување на типот, на кои не е означена класата на точност, мораат да ги исполнуваат условите што ги дал производителот, ако бројот на поделоците не е помал од бројот на поделоците за ваги со класа на точност (III)

Член 72

Вагите што се наоѓаат во употреба и вагите произведени до 31 декември 1986 година за кои постојат одобренија од Сојузниот завод за мери и скапоцени метали, можат да се примаат на преглед и жигосување, ако ги исполнуваат условите во поглед на GDG и бројот на поделоците пропишани со овој правилник.

Член 73

Вагите со класа на точност (III) и (IIII), што се наоѓаат во употреба, а кај кои бројот на поделоците не одговара на одредбите на овој правилник, мораат да се усогласат со одредбите на овој правилник до 31 декември 1988 година.

Ако вредноста и бројот на поделоците, поради конструктивните особини на вагата, не можат да се усогласат со одредбите на овој правилник, при определувањето на GDG вредноста на поделокот мора да се замени со испитниот поделок (е), кој мора да биде означен на вагата и може да има вредност од Max/2 000 до Max/10 000.

Член 74

Вагите со помошен тег што се наоѓале во употреба до денот на влегувањето во сила на овој правилник, а не ги исполнуваат условите од член 5 точка 16 и член 63 став 1 ќе се примаат на преглед до 31 декември 1988 година.

Член 75

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат:

1) Правилникот за метролошките услови за ваги со неавтоматско функционирање со класа на точност (I) и (II) („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/78).

2) Правилникот за метролошките услови за мерила на маса со неавтоматско функционирање од класа на точност (III) и (IIII) („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/82).

Член 76

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0404-4526/1
9 декември 1986 година
Белград

в. д. Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
м-р Милан Межек, с. р.

61.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ФОТОЕЛЕКТРИЧНИ ЛУКСМЕТРИ - МЕРИЛА НА ОСВЕТЛЕНОСТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат фотоелектричните луксметри - мерилата на осветленоста (во натамошниот текст: луксметри), што се состојат од селенски фотоелемент и мерен инструмент во мерниот опсег од 0 до 100.000 lx.

